[redacted]

ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

| Примено: | 17-11-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| 03 | 29072/1 | | |


**Република Македонија**
**ИЗВРШИТЕЛ**
**Премтим Ќерими**
**именуван за подрачјето**
**на Основен суд Куманово,**
**Крива Паланка и Кратово**
**тел.031-511-388**


Архивски знак:_________
Рок на чување:_________ год.
_________200___ година
Потпис,

Образец бр.51

**И.бр.374/2015**

Извршителот Премтим Ќерими од Куманово, ул.Димитар Влахов бр.52-9 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ХАЛК Банка АД Скопје од Куманово со ЕДБ 4030993162028 и ЕМБС 4627148 и седиште на ул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.752/14 од 18.09.2014 година на Нотар Драган Георгиев од Куманово, против **солидарните должници** [redacted] **од** [redacted] **со ЕМБГ** [redacted] **и живеалиште на** [redacted] **и** [redacted] **од** [redacted] **со ЕДБ** [redacted] **и ЕМБС** [redacted] **и седиште на** [redacted]**,и** [redacted] **од** [redacted] **со ЕМБГ** [redacted] **и живеалиште на** [redacted]**,и** [redacted] **од** [redacted] **со ЕМБГ** [redacted] **и живеалиште на** [redacted] за спроведување на извршување во вредност **442.120,00 денари** на ден 11.11.2016 година го донесува следниот:

## ЗАКЛУЧОК
## ЗА ПРВА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во **Имотен лист бр.1077 за КО Челопек** при АКН на РМ – ЦКН Куманово со следните ознаки:

**ЛИСТ Б**

КП 1370 м.в. Ќулина Падина,кат. кул.лозја, кл.5, пов.471м2 сопственост

КП 1717 м.в. Горна Река, кат. кул.нива, кл.1, пов.448м2 сопственост

КП 1894 м.в. Под Мост, кат. кул.нива, кл.2, 165м2 сопственост

КП 4078 м.в. Оджа, кат.кул.нива, кл.7, пов.1984 м2 сопственост

КП 641 м.в.Шавариште, кат.кул.пасишта., кл.4, пов.2161м2 сопственост

КП 889 м.в.Балови Рид, кат.кул.нива, кл.8, пов.11009м2 сопственост

која се наоѓа во сопственост на **солидарниот должникот** [redacted].

Продажбата ќе се одржи на ден 01.12.2016 **година во 10:00 часот** во просториите на извршител [redacted] **од** [redacted] на **ул. Димитар Влахов бр. 52/9, Куманово**, тел. 031-511-388.

**Почетната вредност на недвижноста,** утврдена со заклучок на извршителот И.бр.374/2015, изнесува :

- за КП 1370 м.в. Ќулина Падина,кат. кул.лозја, кл.5, пов.471м2 сопственост - **30.615,00 денари**
- за КП 1717 м.в. Горна Река, кат. кул.нива, кл.1, пов.448м2 сопственост - **112.000,00 денари**
- за КП 1894 м.в. Под Мост, кат. кул.нива, кл.2, 165м2 сопственост -**30.525,00 денари**
- за КП 4078 м.в. Оджа, кат.кул.нива, кл.7, пов.1984 м2 сопственост - **49.600,00 денари**
- за КП 641 м.в.Шавариште, кат.кул.пасишта., кл.4, пов.2161м2 сопственост - **140.465,00 денари**
- за КП 889 м.в.Балови Рид, кат.кул.нива, кл.8, пов.11009м2 сопственост - **198.162,00 денари**

или се вкупно **561.367,00 денари** , под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: право на реален товар , носител на право на реален товар ХАЛК Банка АД Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата односно станот да ги испразни во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Заклучокот за продажба, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10(една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.380070543300162 во ПроКредит Банка АД Скопје, најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата.

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање. Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се намират трошоците на новата продажба и ќе се надомести разликата меѓу цената постигната на поранешната и на новата продажба.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник **НОВА МАКЕДОНИЈА.**

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: **ХАЛК Банка АД Скопје, ул.Св.Кирил и Методиј бр.54, Скопје**
[redacted]
**Град Куманово - Сектор за финансии**
**Одделение за наплата на даноци,**
**такси и други надоместоци**

11.11.2016

X

Извршител Премтим Керими